РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава со наводи за постоење на судир на интереси, на 39 -тата седница, продолжение, одржана на ден 15.10.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2958/1 од 31.05.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2958/1 од 31.05.2019 година.

Предметот со број 09-2958/1 од 31.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2958/1 од 31.05.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, со наводи дека лицето -----, советник на министерот за --------, во исто време е и фудбалски комесар во ФФМ, неговата сопруга е директор во -------, а негово блиско лице е директор на --------.

Државната комисија, на седницата одржана на ден 15.10.2020 година констатира дека во пријавата нема доволно податоци за поведување постапка за утврдување согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., советник
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК